Врз основа на Одлуката на Народна Банка на Република Македонија за објавување на извештаи и податоци од страна на банката (Сл.Весник на РМ. бр.134/2007). Халк Банка АД. Скопје објавува:

# ИЗВЕШТАЈ И ПОДАТОЦИ

со состојба на 30.06.2023 година

Содржина:


1. Податоци за Банката;
    1.1. Податоци за Групата
2. Податоци за акционерската структура на банката - акционери со квалификувано учество;
3. Податоци за сопствените средства и адекватноста на капиталот на Банката;
4. Податоци за процесот на управување со ризиците;
5. Степен на задолженост.


| 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАНКАТА | |
|---|---|
| Назив | ХАЛКБАНК А.Д. Скопје |
| Седиште | Ул. “Св. Кирил и Методиј” бр.54. 1000 Скопје |
| Матичен број | 4627148 |
| Организациска Структура заклучно со 30.06.2023 | Графички приказ |
| Број на вработени на 30.06.2023 | 741 |
| Преглед на финансиски активности кои Банката може да ги врши согласно последното усогласување и дадените согласности од Гувернерот на НБРМ | - прибирање на депозити и други повратни извори на средства<br>- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патни чекови, меници)<br>- финансиски лизинг<br>- менувачки работи<br>- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи<br>- брз трансфер на пари<br>- издавање на платежни гаранции авали и други форми на обезбедување<br>- изнајмување сефови, остава и депо<br>- тргување со инструменти на пазарот на пари<br>- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали<br>- тргување со хартии од вредност<br>- тргување со финансиски деривати<br>- чување на хартии од вредност за клиенти<br>- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловна стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица<br>- Продажба на полиси за осигурување<br>- Посредување во склучување на договори за кредити и заеми<br>Економско-финансиски консалтинг |

| | |
|---|---|
| Преглед на финансиски активности кои Банката ги врши | - Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи<br>-Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали<br>-Тргување со хартии од вредност<br>-Прибирање на депозити и други повратни извори на средства<br>-Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции<br>-Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници)<br>-Менувачки работи<br>-Брз трансфер на пари<br>-Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување<br>-Изнајмување сефови, остава и депо<br>-Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит)<br>-Посредување во склучување договори за кредити и заеми<br>-Застапување во осигурување |
| Финансиски активности за кои од страна на Гувернерот на НБРМ е изречена забрана или ограничување за нивното вршење, односно е повлечена согласноста | нема |
| **1.1 ПОДАТОЦИ ЗА ГРУПАТА** | |
| Назив<br>Седиште<br>Матичен број<br><br>Претежна дејност | ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје<br>Ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје<br>6224695<br><br>Неживотно осигурување<br>Учество во вкупниот број на акции 100%<br>Учество во вкупниот број на акции со право на глас 100% |
| **2. ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИОНЕРСКА СТРУКТУРА НА БАНКАТА** | |
| Акционери со квалификувано учество - правни лица - назив, седиште, правна форма, претежна дејност и процент на учество во вкупниот број акции и во вкупниот број на издадени акции со право на глас во Банката | **TURKIYE HALK BANKASI A.S. ISTANBUL**<br>**İstanbul Barbaros Mahallesi Şebboy Sokak No.4 Istanbul, TURKEY**<br><br>Банка<br>http://www.halkbank.com.tr/en<br>Учество во вкупниот број на акции – 99,56%<br><br>*Акционерската структура на Банката е променета заклучно со датум 03.08.2022 година со уписот на зголемување на основна главнина со издавање на акции по пат на приватна понуда со XIX-та емисија на акции на институционален инвеститор во Централниот депозитар за хартии од вредност.<br>Повеќе информации на следниот линк: http://www.halkbank.com.tr/en |

| | |
|---|---|
| Акционери со квалификувано учество - физички лица - име и презиме, адреса и процент на учество во вкупниот број акции и вкупниот број издадени закции со право на глас во Банката | Нема |
| Акционери кои немаат квалификувано учество во банката | Бројот на акционери кои немаат квалификувано учество во банката е 10 (десет). |
| **3. ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ НА БАНКАТА** | |
| Износ на почетен капитал кој е запишан во Централен регистар | Вкупен номинален капитал: 11.001.910.000 МКД |
| Број на акции од секој род и класа и номинален износ на акциите | 1.100.191 обични акции<br>Номинална вредност по акција 10.000.00 МКД |
| Опис на карактеристиките на основните компоненти на сопствените средства | Табела – Износ и компоненти на основниот капитал. Износ и компоненти на дополнителниот капитал. |
| Износ и компоненети на основниот капитал (во 000 МКД) | |

| | Опис | Износ |
|---|---|---|
| A1. | Сопствени средства | 13,362,215.52 |
| A2. | Основен капитал | 13,342,670.52 |
| A3. | Редовен основен капитал (РОК) | 13,342,670.52 |
| A3.1 | Позиции во РОК | 13,394,848.39 |
| A3.1.1. | Капитални инструменти од РОК | 11,001,910.00 |
| A3.1.2. | Премија од капиталните инструменти од РОК | 306,308.51 |
| A3.1.3. | Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) | 1,202,682.37 |
| A3.1.4. | Задржана нераспоредена добивка | 1,045,938.37 |
| A3.1.5 | (-) Акумулирана загуба од претходни години | 0.00 |
| A3.1.6. | Тековна добивка или добивка на крајот на годината | 0.00 |
| A3.1.7. | Кумулативна сеопфатна добивка или загуба | -161,990.86 |
| A3.2. | (-) Одбитни ставки од РОК | -52,177.87 |
| A3.2.01. | (-) Загуба на крајот на годината или тековна загуба | 0.00 |
| A3.2.02. | (-) Нематеријални средства | -52,177.87 |
| A3.2.03. | (-) Одложени даночни средства коишто зависат од идната профитабилност на банката | 0.00 |
| A3.2.04. | (-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од РОК | 0.00 |
| A3.2.04.1. | (-) Директни вложувања во сопствени капитални инструменти од РОК | 0.00 |
| A3.2.04.2. | (-) Индиректни вложувања во сопствени капитални инструменти од РОК | 0.00 |
| A3.2.04.3. | (-) Синтетички вложувања во сопствени капитални инструменти од РОК | 0.00 |
| A3.2.04.4. | (-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од РОК за кои банката има договорн | 0.00 |
| A3.2.05. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од РОК на | 0.00 |
| A3.2.06. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од РОК на | 0.00 |
| A3.2.07. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од РОК на | 0.00 |
| A3.2.08. | (-) Износ на одбитни ставки од ДОК којшто го надминува вкупниот износ на ДОК | 0.00 |
| A3.2.09. | (-) Износ на надминувањето на лимитите за вложувања во нефинансиски институции | 0.00 |
| A3.2.10. | (-) Трошоци за данок | 0.00 |
| A3.2.11. | (-) Разлика меѓу висината на потребната и извршената исправка на вредноста/посебната ре | 0.00 |
| A3.3. | Регулаторни усогласувања на РОК | 0.00 |
| A3.3.1. | (-) Зголемување на РОК коешто произлегува од позиции на секјуритизација | 0.00 |
| A3.3.2. | (-) Добивки или (+) загуби од заштитата од ризикот од парични текови | 0.00 |
| A3.3.3. | (-) Добивки или (+) загуби од обврски на банката коишто се мерат по објективна вреднос | 0.00 |
| A3.3.4. | (-) Добивки или (+) загуби поврзани со обврски врз основа на деривати коишто се мерат | 0.00 |
| A3.4. | Позиции како резултат на консолидација | 0.00 |
| A3.4.1. | Неконтролирачко (малцинско) учество коешто се признава во РОК на консолидирана осно | 0.00 |
| A3.4.2. | Останато | 0.00 |
| A3.5. | Други позиции од РОК | 0.00 |
| A3.6. | | 0.00 |
| B4. | Додатен основен капитал (ДОК) | 0.00 |
| B4.1 | Позиции во ДОК | 0.00 |
| B4.1.1. | Капитални инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.1.2. | Премија од капиталните инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.2. | (-) Одбитни ставки од ДОК | 0.00 |
| B4.2.1. | (-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.2.1.1. | (-) Директни вложувања во сопствени капитални инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.2.1.2. | (-) Индиректни вложувања во сопствени капитални инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.2.1.3. | (-) Синтетички вложувања во сопствени капитални инструменти од ДОК | 0.00 |
| B4.2.1.4. | (-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од ДОК за кои банката има договорн | 0.00 |
| B4.2.2. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од ДОК на | 0.00 |
| B4.2.3. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од ДОК на | 0.00 |
| B4.2.4. | (-) Директни, индиректни и синтетички вложувања во капитални инструменти од ДОК на | 0.00 |
| B4.2.5. | (-) Износ на одбитни ставки од ДК којшто го надминува вкупниот износ на ДК | 0.00 |
| B4.2.6. | (-) Трошоци за данок | 0.00 |
| B4.3. | Регулаторни усогласувања на ДОК | 0.00 |
| B4.3.1. | (-) Зголемување на ДОК коешто произлегува од позиции на секјуритизација | 0.00 |
| B4.3.2. | (-) Добивки или (+) загуби од заштитата од ризикот од парични текови | 0.00 |
| B4.3.3. | (-) Добивки или (+) загуби од обврски на банката коишто се мерат по објективна вреднос | 0.00 |
| B4.3.4. | (-) Добивки или (+) загуби поврзани со обврски врз основа на деривати коишто се мерат | 0.00 |
| B4.4. | Позиции како резултат на консолидација | 0.00 |
| B4.4.1. | (+/-) Прифатлив додатен основен капитал којшто се признава во ДОК на консолидирана ос | 0.00 |
| B4.4.2. | Останато | 0.00 |
| B4.5. | Други позиции од ДОК | 0.00 |

<table>
<tr><td>Износ и компоненети на дополнителниот капитал (во 000 МКД)</td><td>
<table>
<tr><td>C5.</td><td>Дополнителен капитал (ДК)</td><td>19,545.00</td></tr>
<tr><td>C5.1.</td><td>Позиции во ДК</td><td>19,545.00</td></tr>
<tr><td>C5.1.1.</td><td>Капитални инструменти од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.1.2.</td><td>Субординирани кредити</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.1.3.</td><td>Премија од капитални инструменти од ДК</td><td>19,545.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.</td><td>(-) Одбитни ставки од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.1.</td><td>(-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.1.1.</td><td>(-) Директни вложувања во сопствени капитални инструменти од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.1.2.</td><td>(-) Индиректни вложувања во сопствени капитални инструменти од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.1.3.</td><td>(-) Синтетички вложувања во сопствени капитални инструменти од ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.1.4.</td><td>(-) Вложувања во сопствени капитални инструменти од ДК за кои банката има договорна</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.2.</td><td>(-) директни, индиректни и синтетички вложувања во позиции од ДК на лица од финансис</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.3.</td><td>(-) директни, индиректни и синтетички вложувања во позиции од ДК на лица од финансис</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.2.4.</td><td>(-) директни, индиректни и синтетички вложувања во позиции од ДК на лица од финансис</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.3.</td><td>Регулаторни усогласувања на ДК</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.3.1.</td><td>(-) Зголемување на ДК коешто произлегува од позиции на секјуритизација</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.3.2.</td><td>(-) Добивки или (+) загуби од заштитата од ризикот од парични текови</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.3.3.</td><td>(-) Добивки или (+) загуби од обврски на банката коишто се мерат по објективна вредност</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.3.4.</td><td>(-) Добивки или (+) загуби поврзани со обврски врз основа на деривати коишто се мерат п</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.4.</td><td>Позиции како резултат на консолидација</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.4.1.</td><td>Прифатлив дополнителен капитал којшто се признава во ДК на консолидирана основа</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.4.2.</td><td>Останато</td><td>0.00</td></tr>
<tr><td>C5.5.</td><td>Други позиции од ДК</td><td>0.00</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>Вид и износ на одбитните ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал</td><td>Види табели “Износ и компоненти на основниот капитал” и “Износ и компоненти на дополнителниот капитал”</td></tr>
<tr><td>Вкупен износ на сопствени средства (во 000 МКД) и висина на адекватноста на капиталот</td><td>СС: 13.362.216<br>АК: 17.35%</td></tr>
<tr><td>Висина на капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик (во 000 МКД)</td><td>5.651.055 илјади денари</td></tr>
<tr><td>Висина на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик (во 000 МКД)</td><td>137.702 илјади денари</td></tr>
<tr><td>Висината на капиталот потребен за покривање на пазарниот ризик</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Висината на капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цената на стоките</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Висината на капиталот потребен за покривање на надминувањето на лимитите на изложеност</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Висината на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик (во 000 МКД)</td><td>370.640 илјади денари</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Висината на капиталот потребен за покривање на други ризици, доколку Банката по сопствена оценка утврдила дополнителен износ на капитал потребен за покривање на тие ризици, или доколку Народна Банка утврдила дополнителен износ на капитал, заради природата видот и обемот на активностите коишто ги извршува Банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности | / |
| **4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ** | |
| Стратегии и процеси на управување со секој поединечен ризик | Банката управува со ризиците соодветно на природата, видот и обемот на нејзините финансиски активности преку воспоставени политики за управување со одделните ризици, соодветна организациска структура, информативен систем и систем на внатрешна контрола и ревизија. Целта на управувањето со ризиците е да се минимизираат можните загуби од активностите или настаните во зависност од чувствителноста на банката на одделните ризици. Затоа банката воспоставува стратегија и процеси на управување со ризиците, со опфат кој одговара на природата, големината и сложеноста на финансиските активности кои ги врши. |
| Структура и организација на функцијата на управување со ризици | Банката има воспоставено организациска структура со јасно дефинирани надлежности и одговорности за преземање и управување со ризиците преку следниве хиерархиски нивоа:<br><br>- Надзорен Одбор<br>- Управен Одбор<br>- Одбор за управување со ризици<br>- Дирекција за управување со ризици<br>- Дирекција за внатрешна ревизија<br>- Дирекција за информациска сигурност<br>- Дирекција за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите и спречување на перење пари и финансирање тероризам. |

| | |
|---|---|
| Структура на системот за мерење на ризикот и системот на внатрешно известување | Системот за мерење на ризикот е дефиниран во одделните политики и процедури за управување со ризиците.<br><br>**Кредитен ризик**<br>Кредитен ризик е ризик од финансиска загуба на Банката доколку клиент или договорна странка од финансиски инструмент не успее да ги исполни договорните обврски во договорните рокови. Кредитниот ризик произлегува од дадените кредити и аванси на клиенти и други банки, неотповикливите вонбилансни изложености и вложувања во хартии од вредност.<br>Мерењето на кредитниот ризик се заснова на класификација на кредитната изложеност кон одделните клиенти во ризични категории од А до Д, со соодветен % на исправка на вредноста / посебна резерва од 0% до 100%.<br><br>При класификацијата на кредитната изложеност Банката ги користи следниве критериуми:<br>- уредноста во измирувањето на обврските од страна на клиентот, односно редовноста при плаќањето на главнината и каматата согласно договорот за кредит;<br>- кредитната способност на клиентот, односно неговите економски особености, ликвидноста и профитабилноста на клиентот, вкупната задолженост на клиентот спрема банкарскиот сектор на РСМ;<br>- типот и квалитетот на обезбедувањето, вредноста на обезбедувањето, покриеноста на изложеноста со обезбедување и можноста за негова продажба. |
| | **Ликвидносен ризик**<br>Ризикот на ликвидност е ризик дека Банката ќе западне во потешкотии во исполнување на своите финансиски обврски.<br>Управувањето со ликвидносниот ризик подразбира редовно идентификување, мерење и следење на сите позиции кои имаат влијание врз ликвидносната позиција на Банката.<br>- Идентификувањето ја утврдува функционалната, ликвидносната, рочната и валутната структура на средствата и изворите на средствата.<br>- Мерењето се однесува на сите средства и извори на средства, односно на нивните приливи и одливи при што се утврдува квантум за сите нив во даден момент, како и нивната динамика за одреден временски период.<br>- Следењето се одвива на дневно, месечно, квартално и годишно ниво и се однесува на податоци, информации за остварени и очекувани приливи и одливи.<br>- За контрола се користат извештаи за ликвидност пропишани од регулаторот како на пример: Извештаи за рочната структура на активата и пасивата (обрзец РС), Извештај за следење на концентрацијата на изворите на средства според најголемите депоненти (обрзец НД), Извештај за следење на концентрацијата на изворите на средства според инструменти, односно производи (обрзец ИП), Извештај за цената на изворите на средства и нивната рочност (обрзец ЦИС), Извештај за можноста за обновување на изворите на средства (обрзец ОИС), Извештај за утврдување расположливи неоптоварени средства (обрзец РС1), Извештаи за стапката на покриеност со ликвидност (СПЛ обрасци: ВКЛА, ВПО, ВПП), Извештај за интерните ликвидносни показатели (обрзец ЛП).<br>- Дополнително, за потребите на управување со ликвидносен ризик Банката има пропишано сет од ликвидносни индикатори и за истите има пропишано соодветни предупредувачки нивоа. |

| | |
|---|---|
| | **Пазарен ризик**<br>Пазарниот ризик се дефинира како потенцијална загуба која се јавува како последица од промените на вредноста на средствата и обврските или приходите кои се под влијание на промените на пазарните услови како што се пазарните цени односно каматните стапки, девизните курсеви и средства. Управувањето со пазарниот ризик подразбира адекватно идентификување, мерење, следење и контрола на промените на вредноста на сите билансни и вонбилансни позиции кои може да бидат погодени од движењата на пазарите за средства и каматните стапки и промените во курсевите на валутите.<br>При процената на пазарниот ризик, Банката се фокусира на вистинската и потенцијалната осетливост на поединечните позиции во портфолиото за тргување како и на целото портфолио. Банката користи интерни модели за пресметка и стрес-тестирање на потенцијалната изложеност на пазарен ризик. Како дополнителни методи користи планирање и предвидување, поставени лимити, модели и стратегии за заштита од ризик. |
| | **Валутен ризик**<br>Валутниот ризик е ризик од загуба заради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути. Банката ја следи изложеноста на валутен ризик преку сет на параметри како:<br>- Фреквенцијата и насоката на промена на меѓувалутните курсеви и промената на вредноста на денарот во однос на вредноста на другите странски валути,<br>- Износот на изложеност на валутен ризик,<br>- Можност на другата договорна страна за навремено извршување на своите обврски. За мерење, следење и пресметувањена валутниот ризик ги користи следниве показатели:<br>- Односот на отворената девизна позиција во одделна валута со сопствените средства на Банката,<br>- Односот на агрегатната девизна позиција со сопствените средства на Банката. |

| | |
|---|---|
| | **Ризик од промена на каматни стапки**<br>Банката е изложена на ризик од променливост на каматните стапки како резултат на тоа што каматоносните средства и каматоносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи. Активностите за управување со ризикот се наменети за оптимизирање на нето приходите од камати со пазарни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката.<br>При управувањето со ризикот од промена на каматните стапки Банката користи модели и извештаи како:<br>- Модел за пресметка на регулаторниот извештај за мерење на изложеноста на ризикот од промена на каматни стапки во портфолиото на банкарски активности,<br>- Модел за пресметка на каматоносна актива и извештај за каматоносна актива,<br>- Модел за пресметка на каматоносна пасива и извештај за каматоносна пасива,<br>- Модел за пресметка на каматни маргини и извештај за каматни маргини,<br>- Извештај за пондерираните каматни стапки на дадени кредити и на примени депозити,<br>- Модел за пресметка на каматен гап и извештај за каматен гап,<br>- Анализа на сензитивност на финансиските средства и обврски преку различни стрес тест сценарија за промена на каматните стапки,<br>- Извештај за трошок на изворите на средства,<br>- Извештај за предвремена отплата на кредитите,<br>- Извештај за предвремено повлекување на депозитите.<br><br>**Ризик на земја**<br>Ризикот на земја преставува ризик од загуба поради изложеноста на Банката кон одделна земја која може да произлезе од економските, социјалните и политичките услови на земјата должник. Посебна форма на ризикот на земја е ризикот на трансфер кој произлегува од можните ограничувања при трансферот на средства од една земја во друга.<br>Банката го следи ризикот на земја преку следниве податоци и извештаи:<br>- Изложеност кон одделна земја и вкупната изложеност на Банката на ризикот на земја,<br>- Висината на исправка на вредност и посебна резерва која произлегува од изложеноста кон одделна земја.<br><br>**Оперативен ризик**<br>Банката ја прифаќа Базелската дефиниција за оперативен ризик и ги идентификува следниве видови на оперативен ризик:<br>- Интерни измами и неовластени активности на вработените<br>- Екстерни измами и активности<br>- Односот кон вработените и безбедноста на работната средина<br>- Клиенти, производи, деловна пракса<br>- Физичко оштетување на основните средства<br>- Прекин во работењето и пад на системот<br>- Извршување, испорака и управување со процесите<br>- Настани поврзани со инфорациската сигурност.<br>Управувањето со оперативниот ризик е континуиран и интегриран процес, кој подразбира активно учество на сите вработени, интегрирана интерна и екстерна контрола, периодично оценување и редовно известување. |

| | |
|---|---|
| | Како методи кои што Банката ќе ги користи за мерење на оперативниот ризик се методите на интерна база на податоци за настани кои што предизвикале загуби, клучните ризични индикатори и методот на сопствена оценка на ризикот. Методот на интерна база на податоци значи евидентирање на актуелните настани кои што предизвикале загуби и нивна обработка на начин кој што ќе даде информација за изложеноста на Банката на оперативен ризик. Клучните ризични индикатори се параметри или индикатори кои помагаат во подобар мониторинг на потенцијалните идни промени кај клучните ризици или на ново појавените ризици, со цел да се биде во можност проактивно да се идентификуваат потенцијалните ефекти врз профилот на ризичност на банката. При методот на сопствена оценка на ризикот, организационите единици, со одговорање на однапред подготвени прашалници прават оценка на своите активности што ги извршуваат, на процесите и ризиците поврзани со нив. Тоа се прави со цел да се детектираат потенцијалните слабости и извор на можни ризични настани.<br><br>Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи и други оперативни ризици.<br><br>Како дел од механизмите за справување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, Банката има воведено и применува програма и процедури за спречување на перење пари и финансирање на тероризам со цел ефикасна имплементација на сите обврски во врска со спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Програмата и процедурите на Банката се потврда на волјата и подготвеноста на Банката за управување на овој ризик и истите ги одразуваат нејзините напори и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.<br><br>**Ризик од концентрација**<br>Ризикот од концентрација во Банката е дефиниран во рамките на кредитната политика и соодветните процедури на банката, при што банката ги почитува лимитите за изложеност поставени од НБРМ, а има утврдено и интерни лимити за кредитна изложеност спрема поединечен субјект, и лимити од аспект на концентрација по пооделни сегменти. Банката има поставени интерни лимити за изложеност кон домашни и странски банки.<br>**Стратегиски ризик**<br>Стратегискиот ризик е ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од промените во деловното опкружување, несоодветни деловни одлуки, несоодветна имплементација на одлуките или недоволната респонзивност на Банката на промените во деловното опкружување како и несоодветно спроведување на развојниот план и деловната политика.<br><br>Идентификувањето и мерењето на стратегискиот ризик може да биде одредено преку стратегиското планирање, процесот на подготовка на стратегискиот план и реалноста на стратегискиот план. Стратегискиот план е документ кој ја рефлектира мисијата и целта на Банката, генерално за период од три до пет години. Меѓу другото тој содржи анализа на макроекономските услови во кои Банката ги извршува своите активности, опис на системот за управување со ризици на Банката, финансиски планови на Банката и т.н.<br>Деловниот план е документ кој ја одредува севкупната оперативна рамка на Банката и ја поддржува успешната имплементација на стратешкиот план. |
| | **Репутациски ризик**<br>Репутацискиот ризик е мултидимензионален и претставува одраз на перцепцијата на другите учесници на пазарот. Дефиниран е како ризик кој произлегува од негативната перцепција од страна на дел од клиентите, договорните страни, акционерите, инвеститорите или регулаторите, што може негативно да влије на способноста на Банката да ги одржи |

| | |
|---|---|
| | постоечките или да вопостави нови деловни односи и континуиран пристап до изворите на финансирање.<br><br>**Ризик од несоодветност на информативните системи**<br>Под ризик од несоодветност на информативните системи се подразбира ризикот од загуба за Банката поради губење, неовластено користење или нерасположливост на информациите, информативните средства и/или услугите што ги нуди Банката.<br><br>**Правен ризик**<br>Правен ризик претставува тековен или иден ризик врз добивката и соспствените средства на Банката, предизвикан од прекршување/непочитување на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички станарди, или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи. Во рамките на овој ризаик Банката го опфаќа и ризикот од несоодветно однесување.<br><br>**Ризик од судир на интереси**<br>Судир на интереси претставува судир меѓу личниот интерес и интересот на Банката кај лицата со посебни права и одговорности и поврзаните лица со нив. Банката презема бројни мерки за управување, контрола и спречување на потенцијални негативни влијанија од појава на судир на интереси.<br><br>**Ризик од воведување на нов производ, активност или систем**<br>За следење и контролирање на ризиците од вовдеување на нов производ, активност или систем, Банката има изготвено Политика, во која се дефинирани правилата и постапките за воведување на нов производ.<br><br>**Ризик од користење на услуги од надворешни лица**<br>Користење на услуги од надворешни лица го опфаќа користењето на услуги кои што и овозможуваат на Банката да ги врши нејзините финансиски активности, вклучувајќи ги и помошните банкарските услуги.<br><br>**Ризик од неусогласеност на работењето на Банката со прописите**<br>Ризик од неусогласеност на работењето на Банката со прописите, претставува ризик од изложување на Банката на правни или регулаторни санкции и ризик од настанување на финансиска загуба и загрозување на угледот на Банката, како последица на неусогласеност на раотењето на Банката со прописите. |
| | **Контрола на усогласеност на работењето со прописите**<br>Политика на Банката е да работи согласно сите законски и подзаконски прописи и да демонстрира етичко однесување преку воспоставени и имплементирани механизми за постигнување на усогласеност на работењето со законската регулатива и работење со интегритет.<br>Спроведувањето на политиката за контрола усогласеност со прописите ќе ги даде следниве резултати:<br>- Минимизирање на регулаторниот ризик,<br>- Унапредување на репутацијата на Банката,<br>- Идентификување на предности и слабости од аспект на контрола усогласеноста со прописите,<br>- Високо ниво на етичко однесување на вработените,<br>Политиката се однесува и применува на сите подрачја и активности од работењето на Банката, на сите нивоа однејзината организациска структура. |

| | |
|---|---|
| | **Информациска сигурност**<br>Со цел успешно справување со ризиците во однос на сигурноста на информации и информациски системи во Банката е воспоставен Систем за управување со информациска сигурност (СУИС), имплементиран и сертифициран според меѓународниот стандард за информациска сигурност ИСО 27001.<br>Политиката за информациска сигурност, усвоена во Банката. претставува рамка за обезбедување на доверливост, интегритет и расположливост на сите физички и електронски информациски средства во Банката како предуслов за конкурентска предност, ликвидност, профит, исполнување на правни, регулаторни и договорни обврски и одржување на репутацијата на Банката.<br>Системот за управување со информациска сигурност и соодветните поврзани процеси се предмет на континуиран систематски преглед и подобрување. Банката има воспоставено организациски структури за поддршка на СУИС и периодичен преглед на соодветноста на политиката за сигурност, со цел истата да соодветствува на промените при проценката на ризиците и планот за третман на ризици и усогласена со барањата на законската регулатива.<br><br>Системот за внатрешно известување за управувањето со одделните ризици е во согласност со Законот за банки и интерните политики и процедури за управување со ризиците. Извештаите се доставуваат до Надзорниот Одбор. Управниот Одбор, Одборот за управување со ризици, согласно утврдена динамика и рокови за внатрешно известување. |

| | |
|---|---|
| Политики за заштита и намалување на ризикот како и процедури за следење на ефикасноста на извршувањето на политиките | Банката ги има воспоставено следниве политики за заштита и намалување на ризикот:<br>- Кредитни политики,<br>- Политика за управување со ликвидносен ризик,<br>- Политика за управување со пазарен ризик,<br>- Политика за управување со ризик од промена на каматни стапки,<br>- Политика за управување со валутен ризик,<br>- Политика за управување со ризик од земја,<br>- Политика за управување со оперативен ризик,<br>- Политика за управување со стратегиски ризик,<br>- Политика за управување со репутациски ризик,<br>- Политика за контрола на усогласеност на работењето со прописи,<br>- Програма и процедури за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,<br>- Политика за сигурност на информацискиот систем,<br>Во политиките се дефинирани одделните видови на ризици, начинот на идентификување, мерење, следење и контрола на ризиците, организациона структура за управување со ризиците информативен систем за изготвување извештаи за ризиците, претпоставки за стрес-тестирање. |

<table>
<tr><td>Опис на политиката за вршење на исправка на вредноста / посебна резерва</td><td>Банката на месечна основа, проценува дали постојат објективни докази за оштетување на финансиските средства кои не се мерат според објективната вредност преку билансот на успех. Финансиските средства се оштетени кога има објективни докази дека оштетувањето настанало по почетното признавање на средството и истото има влијание на идните парични текови кои можат веродостојно да се проценат.<br>Банката соодветно врши исправка на вредноста / издвојува посебна резерва, при што како објективен доказ ги користи следниве индикатори:<br>- информација за непочитување на договорот, вклучително и неплаќање или доцнење на плаќањата на достасаните обврски;<br>- информација за финансиски потешкотии на клиентот;<br>- доколку банката одобрува значителни олеснувања на клиентот поради неговите финансиски потешкотии,<br>- извесност дека клиентот ќе влезе, или е во стечајна постапка или друг вид на финансиска реорганизација;<br>- доколку се појави ризик во дејноста која ја извршува клиентот;<br>- намалување на вредноста на колатералот.</td></tr>
<tr><td>Износ на изложеноста на кредитен ризик. пред и по извршената исправка на вредност / посебна резерва (во 000 МКД)</td><td>94.009.639 (пред исправка на вредноста и посебната резерва)<br>92.583.432 (по исправка на вредноста и посебната резерва)</td></tr>
<tr><td>Изложеност по одделни категории на ризик (во 000 МКД)</td><td>
<table>
<tr><th>Категорија на ризик</th><th>Вкупна изложеност на кредитен ризик</th><th>Учество</th></tr>
<tr><td>А0</td><td>17.436.946</td><td>18,55%</td></tr>
<tr><td>А</td><td>71.140.196</td><td>75,67%</td></tr>
<tr><td>Б</td><td>2.737.254</td><td>2,91%</td></tr>
<tr><td>В</td><td>1.453.003</td><td>1,55%</td></tr>
<tr><td>Г</td><td>493.299</td><td>0,52%</td></tr>
<tr><td>Д</td><td>748.941</td><td>0,80%</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>94.009.639</td><td></td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>Износ на достасани кредити (во 000 МКД)</td><td>449.120 илјади денари</td></tr>
<tr><td>Износ на изложеностите на кредитен ризик за кои е извршена исправка на вредноста / посебна резерва (во 000 МКД)</td><td>76.572.693 илјади денари</td></tr>
<tr><td>Географска дистрибуција на кредитен ризик (во 000 МКД)</td><td></td></tr>
<tr><td>Секторска дистрибуција на изложеноста на кредитен ризик (во 000 МКД)</td><td></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Резидуална договорна рочна структура на изложеноста на кредитен ризик (со рок на достасување до една година и над една година 000 МКД) | / |
| Структура на изложеноста на кредитен ризик по дејности | / |
| Најголема изложеност кон одделна дејност | |
| Износ на реструктуирани побарувања | |
| Движење на исправката на вредност / издвоена посебна резерва | 31.12.2019 557.911 илјади денари<br>30.06.2020 730.388 илјади денари<br>31.12.2020 699.568 илјади денари<br>30.06.2021 775.045 илјади денари<br>31.12.2021 864.383 илјади денари<br>30.06.2022 1.135.220 илјади денари<br>31.12.2022 1,002,720 илјади денари<br>30.06.2023 1.426.206 илјади денари |
| Податоци за структурата на портфолиото за тргување | / |
| Основни податоци за пристапот кој се користи за пресметка на капитал потребен за покривање на оперативниот ризик | Согласно регулативата за мерење на оперативниот ризик и капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик, Банката го користи пристапот на базичен индикатор. |
| Податоци за управувањето со ризикот кој произлегува од капиталните вложувања | Капиталните вложувања во билансот на банката се класифицирани како ‘расположливи за продажба’. Тие се прикажуваат според нивната објективна вредност преку останата сеопфатна добивка, со исклучок на капиталните вложувања кои немаат котирана пазарна цена и се мерат по набавна вредност намалена за загубите поради оштетување.<br>Во управувањето со ризикот од капитални вложувања Банката ги следи лимитите дадени во Законот за банки. |

во 000 мкд

| Секторска структура на капиталните вложувања | Банки | Други Финансиски институции | Нефинансиски институции | Нерезиденти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Износ на капитални вложувања во 000 МКД | | 34.487 | | 221 | 34.708 |

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА СТЕПЕНОТ НА ЗАДОЛЖЕНОСТ

| | |
|---|---|
| Основен капитал | 13.342.671 илјади МКД (состојба на 30.06.2023) |
| Редовен основен капитал | 13.342.671 илјади МКД (состојба на 30.06.2023) |
| Додатен основен капитал | - |
| Вкупна **билансна изложеност** која се користи за пресметка на стапка на задолженост | 84.998.829 илјади МКД (состојба на 30.06.2023) |
| Вкупна **вонбилансна изложеност** која се користи за пресметка на стапка на задолженост | 7.701.948 илјади МКД (состојба на 30.06.2023) |
| Просечна стапка на задолженост (прво полугодие од 2023 година) | 13.96% |
| Вкупни **билансни побарувања** на банката согласно последните финансиски извештаи | 86.011.899 илјади МКД |
| Вкупни **вонбилансни побарувања** на банката согласно последните финансиски извештаи | 34.055.082 илјади МКД |
| Разлики **билансна изложеност** | Разликите се должат на различната методологија применета за изготвување на финансиските извештаи и стапката на задолженост на банката (акумулирана амортизација, одбитни ставки од основниот капитал) |
| Разлики **вонбилансна изложеност** | Разликите се должат на различната методологија применета за изготвување на финансиските извештаи и стапката на задолженост на банката (фактори на конверзија) |